Врз основа на член 170 став (1) од Законот за заштита на потрошувачите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.236/22) и врз основа на делот III. Планирани мерки и активности за остварување на правата на потрошувачите, како и советување, едукација и информирање на потрошувачите точка 1, Цел 3 и потточка 1.6 од Програмата за заштита на потрошувачите за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/24), Министерството за економија и труд објавува:

ЈАВЕН ПОВИК
за доделување финансиски средства за реализација на програма (проект) на здруженијата на потрошувачите

1.Предмет

Доделување на финансиски средства за реализација на програма (проект) кој ќе го реализираат здруженијата на потрошувачите.

2.Цел и опис на финансиска поддршка

Обезбедување финансиска поддршка за невладините организации за заштита на потрошувачите за обезбедување информации и помош за потрошувачите.

3.Износ на финансиска поддршка

Преку ова финансиска поддршка Министерство за економија и труд доделува финансиски средства за реализација на програма (проект) за заштита на потрошувачите во износ од 300.000,00 денари до 500.000,00 денари согласно доставените предлог програми (проекти) за заштита на потрошувачите до исцрпување на финасиските средства предвидени за овој повик, на невладините организации за заштита на потрошувачите за обезбедување информации и помош за потрошувачите.

4.Активности прифатливи за финасирање:

Финансиската поддршка на здруженијата за заштита на потрошувачите се однесува на следните активности:

- подигање на потрошувачката свест и култура;
- информирање и советување на потрошувачите во рамки на советите за заштита на потрошувачи формирани од општините односно градот Скопје, односно невладините организации за заштита на потрошувачите;
- правни совети на потрошувачите;
- медиумски кампањи;

- доставување на мислења и иницијативи за доуредување на прописите од областа на заштитата на правата на потрошувачите;
- консултантска поддршка на совети за заштита на потрошувачите формирани од општините односно градот Скопје;
- финансиска поддршка на здруженијата за заштита на потрошувачите односно невладините организации за заштита на потрошувачите за членарина во Европската организација на потрошувачите - BEUC и Светската потрошувачка организација - Consumers International и
- други активности согласно Законот за заштита на потрошувачите (*).

5.Активности кои не се подобни за финансирање:

- Организирање на луксузни настани и свеченост:
- Вклучува забави, гала вечери и други слични настани кои немаат директна врска со заштитата на правата на потрошувачите.
- Политички и верски активности:
- Активности кои промовираат политички партии или верски организации и не се поврзани со целите на заштитата на потрошувачите.
- Комерцијални активности со цел профит:
- Вклучува активности кои главно имаат за цел да генерираат профит наместо да обезбедат заштита или поддршка на потрошувачите.
- Набавка на лична опрема за вработените:
- Вклучува набавка на опрема како што се лаптопи, мобилни телефони или други уреди кои ќе се користат за лични цели.
- Патувања и престои без оправдана цел:
- Патувања кои не се директно поврзани со целите на проектот или активностите на организацијата.
- Финансирање на активности кои веќе се финансирани од други извори:
- Активности кои се делумно или целосно финансирани од други програми или фондови.
- Реновирање на простории без директна врска со проектот:
- Реновирање или подобрување на канцелариски простории кои не се од суштинско значење за спроведување на проектот.
- Активности поврзани со лична обука и развој на вработените:
- Вклучува лична обука, развој на вештини или едукативни курсеви кои не се директно поврзани со целите на организацијата за заштита на потрошувачите.
- Подароци и награди:
- Вклучува давање на подароци или награди кои не се дел од официјални активности за подигнување на потрошувачката свест или информирање.
- Маркетинг активности со комерцијална цел:
- Активности за маркетинг кои главно имаат за цел промоција на производи или услуги на организацијата кои не се поврзани со заштита на правата на потрошувачите.

Овие активности не се подобни за финансирање бидејќи не придонесуваат директно кон целите на заштита и унапредување на правата на потрошувачите согласно Законот за заштита на потрошувачите.

6.Трошоци кои се подобни за финансирање:

- Бруто плати за вработените лица:
- Бруто плати за вработените кај апликантот и членовите на организацијата кои ќе бидат ангажирани на проектот.
- Износите на бруто плати на вработените ангажирани на проектот треба да соодветствуваат на воспоставените практики на апликантот пред почетокот на проектот, намалени за износот на потенцијална државна субвенција примена по основ на плата.
- Набавка и/или изнајмување на опрема и потрошни материјали за фунционисање на правно советувалиштето
- Ангажирање на консултанти за потреби директно поврзани со очекуваните резултати на проектот
- експерти поврзани со изработка на материјали за подигање на свеста на порошувачите за нивните права.

Канцелариска и деловна поддршка:

" Наем на деловен простор.
" Режиски трошоци.

Забелешка:
Единствено трошоците настанати за активности спроведени за времетраење на проектот, а кои се во согласност со одобрениот буџет на проектот и правилата и процедурите пропишани со повикот, се подобни за финансирање.

7.Трошоци кои не се подобни за финансирање

- Додатоци на плата дефинирани согласно Законот за работни односи.
- Отплата на камата или долг на друга страна.
- Расходи и резервирања за минати и можни идни загуби или долгови.
- Курсни загуби и казни.
- Трошоци за забава и угостителство.
- Трошоци за регрутирање на кадар (трошоци за објавување на оглас, провизии од агенции за вработување, трошоци поврзани со селекција на кандидати и слично) и трошоци за преселба.
- Купување на земја или згради, вклучувајќи и реновирање.
- Готовинска исплата од наменската сметка на проектот.
- Трошоци за консултантски услуги обезбедени од страна на лица кои се вработени во орагнизацијата /членот на орагнизацијата.
- Наем на деловен простор од закуподавец кој учествува во активностите на проектот или е поврзано лице со орагнизацијата /членот на орагнизацијата.
- Набавка на патнички возила

- Трошоци за реализација на активности кои претходно биле финансирани од други извори.
- Трошоци за набавка на половна опрема.

Овој список ги опфаќа главните категории на трошоци кои не се подобни за финансирање и може да биде од корист при изготвување на финансиски планови за организациите за заштита на потрошувачите.

8. СРЕДСТВАТА ГИ ДОДЕЛУВА: Министерството за економија и труд , ул. Јуриј Гагарин бр. 15, 1000 Скопје.

Вкупуна вредност на јавниот повик е 2.000.000 денари

9. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на повикот имаат здруженија на потрошувачи кои ги исполнуваат следните критериуми:

- да се занимаваат со активности и проекти од областа на заштитата на потрошувачите;
- да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста или слична намена и активности за кои поднесуваат барање.

10. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

За учество по Јавниот повик - барателиdo Министерството за економија и труд треба да достават:

– Барање за доделување средства за на реализација на програма (проект)
(во натамошниот текст: Барање за доделеување на средства за реализација на програма (проект) на здруженијата на потрошувачите) (образец на Барање за доделеување на средства за реализација на програма (проект) на здруженијата на потрошувачите може да се обезбеди од интернет страницата на Министерството www.economy.gov.mk или во архивата на Министерството за економија и труд);

– Изјава заверена на нотар (образец на Изјава може да се обезбеди од интернет страницата на Министерството www.economy.gov.mk или во архивата на Министерството за економија) со која изјавува дека: не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава.

11.СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

Понудата треба да содржи:

Кон понудата треба да бидат приложени:

1. Тековна сосотојба и Потврда за регистрирана дејност
2. Програма за работа од доменот на заштитата на потрошувачите;
3. Изјава дека се занимава со активности и проекти од областа на заштитата на потрошувачите заверена на нотар;
4. Изјава заверена на нотар (образец на Изјава може да се обезбеди од интернет страницата на Министерството www.economy.gov.mk или во архивата на Министерството за економија и труд) со која изјавува дека: не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава.
5. Листа на експерти со високо образование одговорни за реализација на проектот

12.КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР	БОДОВИ
1. Понудена програма (проект)	**30/100**
1.1.Дали со предложените активности во проектот се врши конкретно влијание на целните групи?	10/30
1.2.Дали потребите на целната група се јасно дефинирани и истите се правилно опфатени со проектот	10/30
1.3.Дали во проектот има вклучени објективни и мерливи индикатори?	10/30
2. Релевантност	**35/100**
2.1.Дали апликантот има доволно искуство во раководење со проекти? (листа со реализирани проекти со кои раководел или учество во други програми)	10/35
2.2.Издадени информативни материјали од доменот на заштита на потрошувачите (брошури, лифлети, билтени и сл.)	15/35
2.3. Соработка со други институции, организации и советите за заштита на потрошувачите на централно и локално ниво	10/35
3.Организациска структура и ресурси	**35/100**
3.1. Регистрирани како здруженија на граѓани со основна дејност заштита на потрошувачи (решение од Централен регистар на Република Северна Македонија)	10/35
3.2.Дали апликантот е член во Европската организација на потрошувачите - BEUC и Светската потрошувачка организација - Consumers International	5/35
3.3. Седиште и советувалиште за заштита на потрошувачите на подносителот на проектот (бодирањето ќе се врши скалесто, при што најголем број на бодови ќе добие апликантот чие советувалиште покрива помал број на жители додека најмал број на бодови ќе добие апликантот чие советувалиште покрива поголем број на жители	15/35

3.4. Стручни лица кои ќе бидат ангажирани во спроведување на програмата (проектот) (работна биографија на лицата кои ќе бидат ангажирани за реализација на програмата)	5/35

13. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

Понудата се доставува во еден оргинален примерок заверен и потпишан (секоја страница) од страна на одговорното лице на понудувачот.

Понудата може да се достави преку пошта на адреса: ул. „Јуриј Гагарин“ бр.15, Скопје, или со предавање во архивата на Министерството за економија и труд, секој работен ден од 9.00 до 16.00 часот.

Понудата и другата документација се доставува во затворен коверт во кој во горниот лев агол треба да стои ознака “не отварај” и називот на овој повик. Во средината на ковертот треба да биде назначена точната адреса на Министерството за економија и труд. Ковертот не смее да содржи никакви ознаки со кои би можел да се идентификува испраќачот – понудувачот.

Крајниот рок за прием на понудата е најдоцна до 16.00 часот на ден 20.09.2024 година. Понудите кои нема да бидат доставени во предвидениот рок нема да бидат разгледувани.

Корисникот на доделените неповратни средства должен е да поднесе докази за наменско користење на средствата.

Министерството за економија и труд го задржува правото за следење на реализација на проектите, како и контрола на наменско трошење на средствата.

Во случај на недоволен број пристигнати барања, Министерството ќе објави соопштение за продолжување на јавниот повик во времетраење од десет дена на интернет страницата на Министерството: www.economy.gov.mk и во два дневни весници.

На подносителите кои имаат поднесено барање, а не ги исполнуваат условите од точка 9 од овој Јавен повик, и/или немаат уредна и комплетна документација, и/или имаат наведено неусогласени податоци во барањето и комплетната документација, не може да им се доделаат средства и Комисијата ги отфрла овие барања како некомплетни.

14. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Министерот за економија и труд ќе формира комисија за спроведување на Јавниот повик;
Комисијата ќе има за цел да ја утврди исполнетоста на условите за доделување на

на средствата од точка 9 од овој Јавен повик. Комисијата ќе ги разгледа пристигнатите барања поднесени заклучно со последниот ден наведен во овој јавен повик, заедно со потребната документација.

Одлука за доделување на средствата донесува министерот на предлог на Комисијата, по што следува потпишување на Договор со корисникот на средствата.

15. ДАТУМ, ЧАС И МЕСТО НА ОТВАРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

Јавното отварање на понудите ќе се изврши на ден 23.09.2024 година во 10.00 часот во просториите на Министерство за економија и труд на I - ви кат во салата за состаноци.

Право на учество на јавното отварање на понудите имаат одговорните лица на понудувачите или претставници на понудувачите кои за своето присуство треба на Комисијата за доделување на средствата да и достават писмено полномошно од понудувачот.

Тел: ++ 389 2 3093 512
++ 389 2 3093 537
Факс: ++389 2 3084 901 Министерство за економија и труд